Јули/Август, 2003

# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор # 19

**ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија**

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учеснички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**21 Јули**

**Посета на административниот директор на ЕЦМП на ЕЦМП мисијата во Република Македонија**

Административниот директор на ЕЦМП, – Г-ѓата Астрид Вос беше во посета на ЕЦМИ Мисијата во Република Македонија од 21 до 27 Јули 2003 година. За време на својот престој Г-ѓа Астрид Вос одржа неколку консултативни состаноци со Проектниот тим во Канцеларијата во Скопје. Со цел подобро да се запознае со сите членки на ЕЦМИ Мрежата, нивните имплементирани и тековни проекти, таа ги посети и шесте Регионални Центри. Г-ѓа Астрид Вос по завршувањето на мониторингот ги даде своите позитивни критики за



функционирањето на ЕЦМИ Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија.
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**4 Јули**

**Регионален Центар Тетово**

**Посета на Г-дин Петар Каман, Претставник на СИДА, на ЕЦМП Регионалниот Центар Тетово**

Со цел поблиско запознавање со ЕЦМИ Мрежата во Република Македонија Г-дн Петар Каман, представник на СИДА (Swedish International Development Coop-eration Agency - Шведска меѓународна агенција за развојна помош) го посети Регионалниот Центар во Тетово. На состанокот кој са одржуваше во просториите на Центарот зедоа учество сите членки од овој Регионален Центар. Презентацијата на активностите кои ги превземаат, на завршените и тековните проекти секако придонесе кон позитивни критики од страна на Г-дн Петар Каман за работата на членките во решавањето на

проблемите во заедницата.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**7 Јули**
**Регионален Центар Тетово**
**Посета на Г-дин Трос Столде, претставник на ДРЦ (Danish Refugee Council- Дански совет за бегалци) на Регионалниот Центар Тетово**

Претставник на Данскиот Совет за Бегалци го посети Регионалниот Центар Тетово. За време на посетата членките ги претставија своите активности и ја објаснија нивната улога во подобрувањето на меѓуетничките односи во овај регион. Во продолжение Г-дн Трос Столде ја претстави мисијата на Данскиот совет за бегалци и ја презентираше нивната стратегијата за обновување на куќите и економска ревитализација на Тетовскиот регион.
Подетално разгледување на тековните и имплементираните проекти на членките беше направено со цел да се види на што се работело и каде се можностите за соработка со ДРЦ. Г-дин Трос Столде укажа и на можноста за спроведување на одредени проекти на ДРЦ преку членките на ЕЦМП Мрежата во склоп на нивната стратегија за развој на цивилното општество.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**7 Јули**
**Регионален Центар Гостивар**
**Посета на представници на ДРЦ (Danish Refugee Council- Дански совет за бегалци) на ЕЦМИ Регионалниот Ресурсен Центар Гостивар**

Претставници на Данскиот совет за бегалци го посетија Регионалниот Центар Гостивар. За време на посетата членките на ЕЦМП Мрежата од Гостивар ги претставија своите активности во склоп на тековните и имплементираните проекти и ги објаснаа стратегиите во нивното понатамошно работење. Како резултат на она што беше презентирано претставниците на ДРЦ покрај тоа што ја претставија мисијата на Данскиот Комитет за Бегалци укажа на можноста за спроведување на одредени проекти на ДРГ преку членките на ЕЦМИ Мрежата во склоп на нивната стратегија за развој на граѓанското општество.
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**8-9 Јули**
**Регионален Центар Куманово**
**Тренинг за вмрежување и собирање на средства**

Во просториите на ЕЦМП Регионалниот Центар Куманово беше одржан тренинг за членките на ЕЦМП Мрежата за мрежно работење и собирање на средства. Тренер беше Регионалниот Претставник на ЕЦМИ – Сунур Верма.
Целта на тренингот е да се измени начинот на донесување на одлуки во организациите од централизиран, како во некои од организациите, во демократски. Промената во овај правец би придонела кон развој на самите НВОи и на цивилниот сектор во целина.



Беа разгледани и различни методи за претставување пред донаторите со чија примена би се дошло и до континуирана соработка.
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**12-13 Јули**
**Регионален Центар Тетово**
**Тренинг за вмрежување и собирање на средства**
Во просториите на ЕЦМП Регионалниот Центар Тетово се одржан тренинг за членките на ЕЦМП Мрежата за мрежно работење и подигнување на средства. Тренер беше Регионалниот Претставник на ЕЦМП – Сунур Верма.
Целта на тренингот е да се измени начинот на донесување на одлуки во организациите од централизиран, како во некои од организациите, во демократски. Променат во овај правец би придонела кон развој на самите НВОи и на цивилниот сектор во целина.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**16 Јули**
**Регионален Центар Штип**
**Форум – Злоупотребата на наркотици во Кавадарци и пошироко во Република Македонија**
Форумот - Злоупотребата на наркотици во Кавадарци и пошироко во Република Македонија е дел од проектот "Дрогата – зло на милениумот" финансиран од ЕЦМП преку Регионалниот Ресурсен Центар Штип. На Форумот задоја учество претставици од сите организации – членки на ЕЦМП Мрежата, Регионалниот претставник Сунур Верма како и Програмскиот менаџер Даниела Ралис.
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk

**Јули 19**
**Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**Тренинг за Вмрежување и собирање на средства**
Тренингот за мрежно работење и собирање на средства се одржа во просториите на ЕЦМП Регионалниот Центар Гостивар. Тренер на оваа обука беше Регионалниот Претставник на ЕЦМП – Сунур Верма.
Целта на тренингот е да се измени начинот на донесување на одлуки во организациите од централизиран, како во некои од организациите, во демократски. Промената во овај правец би придонела кон развој на самите НВОи и на цивилниот сектор во целина.
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**23 Јули**
**Регионален Центар Тетово**
**Посета на административниот директор на ЕЦМП на Регионалниот Центар Тетово**
Административниот Директор на ЕЦМП, Фленсбург – Г-ѓа Астрид Вос придружувана од Регионалниот претставник Сунур Верма го посетија Регионалниот Центар Тетово.



Целта на посетата беше запознавање со начинот на

извршување на административните работи од страна на Техничкиот Асистент. Се разговараше за методите кои се применуваат во администрацијата како и начините за размена на информации со Регионалната Канцеларија во Скопје од една страна и членките на ЕЦМИ Мрежата од друга страна. Г-ѓа Астрид Вос изврши мониторинг на документацијата во Регионалниот Центар во Тетово по што следеше потврдата дека администрацијата во овај центар е соодветно вршена.

E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**23 Јули**

**Регионален Центар Битола**

**Посета на представници на ДРЦ (Danish Refugee Council- Дански совет за бегалци) на Регионалниот Центар Битола**




Претставник на Данскиот совет за бегалци го посети Регионалниот Центар Тетово. За време на посетата членките ги претставија своите активности и ја објаснија нивната улога во подобрувањето на меѓуетничките односи во овај регион. Во продолжение г-дин Трос Столде ја претстави мисијата на Данскиот совет за бегалци и ја презентираше нивната стратегијата за обновување на куќите и економска ревитализација на тетовскиот регион.

Подетално разгледување на тековните и имплементираните проекти на членките беше направено со цел да се види на што се работело и каде се можностите за соработка со ДРЦ. Г-динТрос Столде укажа и на можноста за спроведување на одредени проекти на ДРЦ преку членките на ЕЦМП Мрежата во склоп на нивната стратегија за развој на цивилното општество.

E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**25 Јули**

**Регионален Центар Битола**

**Посета на административниот директор на ЕЦМП на Регионалниот центар Битола**

Административниот Директор на ЕЦМИ, Фленсбург, г-ѓа Астрид Вос (Astrid Voss) придружувана од Регионалниот Претставник Сунур Верма (Sunoor Verma) и Ебен Фридман (Eben Friedman), соработник на истражување во ЕЦМП го посетија Регионалниот Центар Битола. Целта на посетата беше поблиско запознавање со начинот на извршување на административните работи од страна на Техничкиот Асистент во овај Регионален Центар. Монторингот од страна на Г-ѓа Астрид Вос го потврди позитивниот став за начинот на извршување на административната работа. Последователно беше одржан

состанок помеѓу Техничкиот Асистент Лидија Ангеловска и Регионалниот Претставник Сунур Верма на кој се разговараше за потребата од постојана комуникација со Регионалната Канцеларија во Скопје и Техничките Асистенти од другите Регионални Центри.

E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**1 Август**

**Регионален Центар Куманово**

**Посета на претставник на Данското Министерство за надворешни работи на Регионалниот Центар Куманово**

Представник на Данското министерство за надворешни работи, г-дин Morten Vilumsen заедно со Регионалниот представник на ЕЦМП во Македонија, г-динот Sunoor Verma и г-дин Eben Fried-man, соработник на истражување во ЕЦМП го посетија Регионалниот Центар во Кумановоtra`uvawe Беше остварена средба со Координаторот на Регионалниот Центар на Куманово, г-динот Феат Камберовски и заменик координаторот на Центарот, Соња Арсовска, како и со представниците на организациите членки на ЕЦМП Регионалниот центар Куманово. Притоа гостите се запознаа со активностите кои се преземаат во Центарот, реализираните проекти, начинот на функционирање на Центарот и и идните планови.

Email- ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**17 Август**

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**

**Тркалезна маса—Промоција на слободата на вероисповест и уверување во Република Македонија**

Во организација на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија, во просториите на Регионалниот ценатр Тетово се одржа тркалезна маса на тема Промоција на слободата на вероисповест и уверување во Република Македонија.

На настанот зедоа збор Проф. Мирјана Најчевска, која ги запозна присутните со целта на овој собир, и г-дин Karel Blei - експерт за верски прашања од Холандија, кој зборуваше за искуствата на европските земји. Гости на овој настан беа представниците на верските заедници во Тетовскиот регион. Дискусијата која се отвори се однесуваше на тоа дали во Македонија постои верска дискриминација и слобода на вероисповест, како и издржаност на предлог законот за верски заедници и религиозни групи.

По исцрпната дискусија беше заклучено дека нема видлива дикскриминација помеѓу различните религиозни групи во Македонија, но дека сепак постојат големи пропусти во предлог законот за верски заедници и религиозни групи.

Е-маил: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk



## Вести од членките на Мрежата

**10 Јули**

**Асоцијација на жени БЛЕСС Куманово**

**Посета на претставници на УСАИД на Асоцијацијата на жени " БЛЕСС" Куманово**

Состанок помеѓу Асоцијацијата на Жени "БЛЕС" и претставници на УСАИД беше одржан во канцеларијата на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар Куманово. Целта на оваа средба беше запознавање на УСАИД со програмските активности и тековните проекти на Асоцијацијата на Жени "БЛЕС" како членка на ЕЦМИ Мрежата во Македонија. Претставниците на УСАИД покажаја и голем интерест за организационата структура, начинот на функционирање и финансирање на Регионалниот Центарот во Куманово.

E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk и bless_ku@hotmail.com



**Јули 31**

**Организација на Жените Роми Даја, Куманово**

**Тренинг– Полова Еднаквост**

Тренинг на тема – Полова Еднаквост се одржа во канцеларијата на ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово. Организатор беше Организација на Ромските Жени "ДАЈА" - Куманово, членка на ЕЦМИ Мрежата и Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка кој и финасиски го подржа овај тренинг.

Целта на тренингот беше подигање на свеста на учесниците за важноста и потребата од почитување на половата еднаквост како и неопходните промени



што трба да се направат со цел унапредување на положбата на жената. Тренери беа Г-ѓа Катерина Миленкова од Организацијата на жени – Штип и Г-ѓа Јулиета Мемедова од "ДАЈА".

E-mail: daja@mt.net.mk или ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**1 Август**

**Сојуз на Албанска Жена, огранок Гостивар**

**“Рекреативен летен камп за меѓуетничка толеранција и дијалог”**

Во тек е реализирањето на проектот “Рекреативен летен камп за меѓуетничка толеранција и дијалог”. Проектот е организиран од Сојузот на Албанска Жена, огранок Гостивар, а во соработка со Хуманитарно Добротворното здружение на Ромите “Месечина” и Организацијата на Жени.

Спроведувањето на Кампот започна со одржување на две средби на 27 и 30 Јули на трите НВО кои се фклучени во неговата реализација со цел утврдување на активностите и критериумите за селекција на децата и воспитувачите, учесници на кампот.

Како дел од проектот беа предвидени две консултативни средби со родителите, реализирани на 01 и 13 август. На средбите беа објаснети критериумите според кој беа селектирани децата и воспитувачите, беше објаснета идејата на овај камп како и прецизирани датумот и местото на заминување на децата.

Меѓусебното дружење и запознавање на децата пред нивното заминување во кампот се овозможи преку двете работилници со по 14 деца кои се одржаја на 04 и 05 август.




Дваесет и осумте деца со мешан етнички состав кои беа избрани за учесници на рекреативниот летен камп тргнаа за Струга на 15 август.

E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**5 - 12 Август**

**ХЕНДИКЕП, Тетово**

**Организирани работилници, дел од проектот “Организирани е полесно”**

Како дел од проектот “ Организирани е полесно” во просториите на Регионалниот Центар Тетово беа одржани две работилници, организирани од организацијата ХЕНДИКЕП; во соработка со Младинска Алијанса и Мултикултура, организации членки на Регионалниот центар. Не двете работилници зедоа учество психологот Јуфли Османи и Селман Рустеми - социјален работник и родител на ментално ретардирано дете. На работилниците беа разгледани методите кои можат да помогнат за социјализација на ментално ретардираните деца и нивното вклучување во општествениот живот.

Родителите покажаа значителен интерес за можноста за нивни влијание за отворање на училиште каде овие деца можат да следат настава. Се даде силна поддршка на идејата за продолжување на ваквите работилници поради нивниот едукативен карактер, улогата и

моралната поддршка.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**6 - 7 Август**
**НВО МУЛТИКУЛТУРА, Тетово**
**Семинар “На патот кон почитта и разбирањето”**

Во просторрите на Регионалниот центар Тетово се одржа дводневен семинар на тема “ На пат кон почитта и разбирањето”. Организатор на овој семинар беше организацијата МУЛТИКУЛТУРА, а учество зедоа ученици од средните училишта од Тетово. Основната цел беше зближување на малдите луѓе од различна националност од тој регион, нивно подобро запознавање и отстранување на стереотипите и предрасудите. Овој семинар е прв од низата семинари кои се предвидени за оваа година.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**13 Август**
**Културно и хуманитарно здружение на Турците “ Челебија”, Битола**
**Изложба - Етно културата на Битолската чаршија**

Од 13 до 27 Август во уметничката галерија Јени Џамија се одржа изложба со наслов “Етно културата на битолската чаршија”, како дел од проектот Битола Бабам Битола II. Целокупниот проект го спроведува Здружението на Турците “Челебија” од Битола во партнерство со Завод Музеј и галерија - Битола.
Проектот е дел од програмата за подобрување на меѓуетничките односи која се спроведува од страна на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија, Фондацијата Крал Бодуен, Фондацијата Џејмс Стјуарт Мот и Фондацијата Алавида.
Изложбата беше отворена од директорот на Завод музеј и галерија, г-дин Валентин Соклевски. Преку оригинални фотографии и експонати, се долови стопанскиот и мултиетничкиот живот на градот од крајот на 19 до почетокот на 20 век и чаршијата како центар за заедничко битисување на различните етнички култури и народи.
Во рамките на проектот покрај горенаведената изложба ќе бидат реализирани и изложба “Традиционалните костими на етникумите во Битола” и трибина на тема “Етно културата на Битола”.

**15 Август**
**Здружение за борба против рак на дојката “Нова страна од животот”, Штип**
**Дебата на тема “Здравствената положба на жената од руралните средини”**

Здружението за борба против рак на дојката
“Нова страна за борба против рак на дојката” во соработка со Организацијата на жени од Штип одржаа дебата на тема “ Здравстевната положба на жената од руралните средини”.
На дебатата учество зедоа жените од селата Парналија, Радања и Шашаварлија кои беа информирани за малигните заболувања на дојката.

По завршување на дебатата, и анализата на спроведената анкета беше донесен заклучок дека овие жени имаат потреба од едукација за симптомите на малигните заболувања на дојката и самопрегледи, со што се овозможува навремено спречување на оваа болест.
E-mail: stipecmi@ecmingonet.org.mk

**16 Август**
**ХЕНДИКЕП, Тетово**
**Работилница "Како да се организираме подобро"**

Работилницата под наслов "Како да се организираме подобро" спроведена од Хендикеп се држа во просториите на Регионалниот центар Тетово.
На работилницата учествуваа родители на ментално ретардирани деца чија главна грижа беше исполнувањето на правата загарантирани со законот за социјална заштита, но не и потполно спроведени од страна на институциите на државата. Како заклучок е донесен ставот дека подоброто организирање на родителите е можен начин на исполнување на правата загарантирани со закон.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**22 Август**
**Јуманитарна организација УНИТЕТИ; Гостивар**
**Форум - Потребите на старателите кои имаат лица со посебни потреби**

Во просториите на Регионалниот центар Гостивар се одржа форум со 20 стратели на лица со посебни потреби, организиран од Хуманитарната организација УНИТЕТИ, во соработка со Центарот за заштита не правата на Ромите и Сојузот на Албанските жени во Македонија, огранок Гостивар.

Уводното излагање како и насоките за форумот ги даде г-дин Селам Елмази. Беше дискутирано за потребите на старателите односно семејствата на лицата со посебни потреби како и за начините на задоволување на тие потреби.

Се утврди потреба од регулирање на документите за корситење на социјална помош за лицата со потешки оштетувања, поправка на дотраените помагала како и изработка и реализација на проект за здравствена едукација на старателите на лица со посебни барања.

E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**22 Август**
**Организација на жени, Штип**
**Работилни за семејно насилство**

Во организација на Организацијата на жени, Штип и во соработка со Здружение на граѓани Кризен центар НАДЕЖ—Скопје на 22 Август се одржа работилница "Семејното насилство и неговите корени". Во склоп на работилницата, се одржа и промоција на книга за семејно насилство врз младите.
На 21 и 22 Август, како последователна активност се одржа семинар на тема" Семејно насилство" во Регионалниот центар во Штип. Предавачи на овој семинар беа Тодорка Петкова, Македонка Јованова, Верка Угриновска, а

фасцилитатор беше Александра Ковалевска. Учесниците по завршувањето на семинарот се здобија со потврди за успешно учество.
E-mail: stipecmi@ecmingonet.org.mk

**26 Август**

**Хуманитарно здружение МЕСЕЧИНА, Гостивар**

**Форум—Здравствена едукација на жените од Гостивар преку отворени радио емисии**

Форум на тема "Здравствена едукација на жените од Гостивар преку отворени радио емисии" се одржа во канцелариите на Регионалниот центар Гостивар. Целокупната организација беше на Хуманитарната организација МЕСЕЧИНА во соработка со партнерските организации Организација на Турските жени во Македонија "Матукат" и Сојуз на албанската жена на Македонија.

На форумот присуствуваа жени од различни националности, чиј предлог на радио емисиите да се разговара на неколку теми од гинекологија, интернистика и стоматологија беше прифатен.
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**27 Август**

**Форум на Албанската жена, Тетово**

**"Ad Verba pro Verbum"**

Во салата на Општина Тетово беше одржана промоција на Брошурата ,,Ad Verba pro Verbum,,. Форумот на Албански жени од Тетово, членка на ЕЦМИ НВО Мрежата е партнер во изработката на оваа брошура.

Во промоцијата учество зеде и претседателот на Координативното тело за доброволно предавање и собирање на оружјето, г-дин Газим Острени кој потсети дека процесот на Разоружување на населението, опфаќа физичко, но и психолошко разоружување.

Претседателката на Форумот на Албанска Жена - Џане Крешова ги даде своите позитивни критики за Брошурата со надеж дека со неа ќе се придонесе кон подигање на свеста на населението за опасноста од чување на оружје во домовите и потребата за предавање на нелегалното оружје.

E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

## Линкови

**24 теми за човекови права**

Истражувањето на 24 теми за човековите права на наведената веб страна ќе ви помогне да дознаете повеќе за тоа како човековите права се поврзани со социјалните и економските права на луѓето во општеството. Се открива како зголемената свест за човековите права може да го зајакне движењето кон промени. Од темите кои се обработени може да се согледаат обврските кои ги имаат преземено владите на сите земји за исполнување на човековите права. Запознај ги човековите права, и барај да ти бидат исполнети.
http://www.pdhre.org

**Азиски регионален ресурсен центар**

Азискиот регионален ресурсен центар за едукација од областа на човековите права има за цел да служи како институт и мрежа за едукација за човековите права во Азиско – Пацифичкиот регион, овозможувајќи тренинзи, работилници, развој и размена на корисни материјали кои се однесуваат на човековите права, истражување и пропагирање за едукација за човекови права.
http://www.arrc-hre.com

**Европскиот Центар за Ромски Права (ЕЦРП)**

Европскиот Центар за Ромски Права (ЕЦРП) е интернационална организација од јавен интерест која врши мониторинг на ситуацијата со исполнувањето на човековите права за Ромите и дава правна заштита во случај на повреда на тие права. Ромскит организации и индивидуалци од цела Европа придонесуваат со финансиски средства и искуство кон ЕЦРП. ЕЦРП е член на Интернационалната Хелсиншка Федерација за Човекови Права и има консултативен статус во Советот на Европа.
http://errc.org

**Глобална Интернационална Мрежа за Едукација (ГИМЕ)**

Глобална Интернационална Мрежа за Едукација (ГИМЕ) виртуелна асоцијација за едукација за нациите во криза и транзиција. GIME изградија капацитет за пристап кон голем број на информации и експертизи за оние кои работат интернационално со нации од кризни региони. ГИМЕ помага при едукација на оние кои ја носат политиката, донаторите/инвеститорите, истразувачите и практиционерите со цел размена на информации и информирање на пошироката јавност.
http://www.ginie.org

**Здружение за Истражување на Конфликти**

Здружението за истражување на конфликти официјално е оформено во 1963 година на Универзитетот во Лондон. Тоа е првата академска група која е фокусирана на конфликти и му претходи на Бретфорд школото за Мирнодопски Студии. ЗИК го насочува своето истражување кон процесот, методите и ефективноста на конфликтите и потенцијалот за соработка и решавање на конфликтите. Ги исполнува своите цели преку: Публикување на весник, Организирање на Конференции, Овозможување на размена на идеи и информации, Одобрување на Грантови за промовирање на целите на општеството, Соработка со цел промовирање на целите на општеството.
http://www.conflictresearchsociety.org.uk

**Интернационална Комисија за Правда**

Интернационалната Комисија за Правда е посветена на приматот и имплементацијата на меѓународните закони и принципи кои ги унапредуваат човековите права. Интернационалната Комисија за Правда нуди правна експертиза на интернационално и национално ниво со цел да осигура дека интернационалните закони за човекови права и интернационалните стандарди се имплементирани на национално ниво.

www.icj.org

**Центар за еднакви можности и спротиставување на расизмот**

Центарот за еднакви можности и спротиставување на расизмот е создаде со Акт на Белгискиот парламент на 15 Февруари, 1993 година. Идејата доаѓа од политичката волја на Парламентот и Владата поттикната од предлогот на Кралската Комисија за имиграциона политика и опасноста од ектремистичко движење во Белгија.

Неговите основни цели се борба против расизмот и дискриминацијата, движење кон интеграциона политика, права на странците и емигрантите, борба ротив сиромаштијата, борба со трговијата на луѓе, тренинг, документирање и информативни кампањи.

http://www.antiracisme.be/en/kader_eng.htm

**Протокол против нелегална трговија со луѓе и шверц на мигранти, донесен од ОН**

Значаен чекор во борбата против нелегалната трговија со луѓе и шверц на мигранти е направен на 15 декември 2000 година со одржување на Конференцијата за Конвенцијата на ОН за Транснационалниот организиран криминал одржана во Палермо, Италија.

Претседатели и премиери на повеќе од 80 земји ги потпишаа протоколот за превенција, сузбивање и казнување на нелегалната трговија со луѓе, посебно со жени и деца и протоколот против шверц на мигранти.

www.december18.net/intro.htm

## Грантови

**Вестминистри Фондација за Демократија**

Фондацијата финансира проекти насекаде низ светот кои се насочени кон градење и зајакнување на политишките демократија. Таа е фондација на Велика Британија за градење демократија. Блиско соработува со сите политички партии во Парламентот на Велика Британија.

http://www.wfd.org/

**Интернационална Фондација за Човекови Права (ИХРФГ)**

Интернационална Фондација за Човекови Права (ИХРФГ) е асоцијација на даватели на Грантови кои се посветени

на заштита човековите права декларирани во Универзалната Декларација за заштита на човековите права како и во договорите и законите кои произлегоја од неа. Со тоа придонесуваат сите луѓе да можат да ги уживаат тие права.
http://www.hrfunders.org

**Национална Донација за Демократија**
НДД е флексибилна грант програма која асистира во демократски активности која подржува проекти кои промовираат политичка и економска слободо, силно цивилно општество, независни медиуми, човекови права и владеење на правото. Во можност е да помогне кон демократското движење на земјите од Балканот. НДД е флексибилна грант програма која асистира во демократски активности
http://www.ned.org/grants/grants.htm

Се надеваме дека ова деветнаесетто издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

British Embassy Skopje

Swedish International Development Cooperation Agency

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk